РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-19/219
21.05. 2019 год.
СКОПЈЕ

**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 219**

**Скопје, 21.05.2019**

# СОДРЖИНА:

1. Рецензија за избор на еден наставник од научната област: Историја на Македонија (60114)........................................................................................3412
2. Рецензија за избор на еден научен соработник/виш научен соработник/научен советник од научната област: Политички систем (50701)..............................3417

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО – НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА (60114)

Со одлука бр. 15-464/3 од 18.04.2019 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки и дипломатија, во рамките на ФОН Универзитет Скопје, формирана е Рецензиона комисија за избор на наставник од научна област: Историја на Македонија, во состав:

1. Проф. Д-р Зунун Зунуни
2. Проф. Д-р Алинда Меметај
3. Проф. Д-р Зеќирја Идризи

По разгледување на поднесената документација што ни беше доставена, Рецензионата комисија до Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки и дипломатија,при ФОН Универзитет, го поднесува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот што Првиот приватен универзитет ФОН Скопје, го објави во весникот “Слободен печат“ на ден 19.03.2019 година за избор на наставник во сите звања, за наставник од научна област Историја на Македнија, се пријави кандидатот:

1. Д-р Димитар Спасески

Врз основа на доставените документи го констатираме следното:

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Од биографијата што е приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот **Д-р Димитар Спасески** е роден на 06.05.1985 година во Охрид.

Основно и средно образование завршил во Охрид со одличен успех. Додипломски студии завршил на Факултетот за политички науки и меѓународни односи при ФОН Универзитетот Скопје насока: Дипломатија и меѓународна политика со просечен успех 10.00 како еден од најдобрите студенти во генерацијата.. Магистрирал на Факултетот за јавна администрација и политички науки – Дипломатија при Универзитетот ЈИЕ на тема: „Република Македонија на патот од кризен до мировен менаџмент„ со просечен успех 8.08. Научниот степен доктор на историски науки го стекнал на Институтот за национална историја при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје бранејќи ја докторската дисертација на тема: : „Македонското искуство- модел за решавање на конфликти„.

Професионалното искуство му започнува во Националната агенција за европски образовни програми и мобилност која работи во состав на Министерството за образование и наука на РМ како раководител на одделение за односи со јавност, презентација и медиумски кампањи. Потоа работел во Министерството за локална самоуправа како раководител за рамномерен регионален развој а од април 2013 до Октомври 2017 година бил и Секретар на општина Охрид. Денес работи во општина Охрид како раководител на одделение за млади и невладини организации. Волонтерски бил ангажиран во повеќе невладини организации кои работат на подрачјето на Охрид и Струга кои главно се занимаваат со младински проекти кои се однесуваат на зближување на етничките заедници во нашата држава, бил активен член на сојузот на студенти при ФОН Универзитетот во периодот на неговото основање а еден мандат бил и генерален секретар на средношколската унија на Македонија.

## 2. АКАДЕМСКО ИСКУСТВО

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

**Настава во школи и работилници**

| **Раководител** |
|---|
| Проектен координатор на тренинг курсот **TC Social Media as tool for Changes** |
| Проектен координатор на тренинг курсот **Intercultural learning as a key to European awareness** |
| Проектен координатор на тренинг курсот **The plastic dragon – back to nature** |
| Проектен координатор на тренинг курсот **YE The vision of my Europe** |
| Проектен координатор на тренинг курсот **YE 8th Intelligences 2** |
| Проектен координатор на тренинг курсот **The steps for a chance** |
| Проектен координатор на тренинг курсот **Dance for peace** |
| Проектен координатор на тренинг курсот **The afterlife of a plastic dragons** |
| Проектен координатор на тренинг курсот **Sending hope-2** |
| Проектен координатор на тренинг курсот **SV On The Road of Rural Development** |

| **Учесник** |
|---|
| **Project: "**European cooperation of excellence" **with an online lecture on the topic of** " A historical overview of the development of EU Education policy"<br>***10 March 2017 Istanbul Turkey*** |
| **Project: "**Health and beauty VET for new Europeans" **with an online lecture on the topic** "The significance of the peace management in the development of education"<br>***18 December 2016 Portugal*** |
| **Project: "**Excellence in management and teaching**" with an online lecture on the topic of** " Utilization of the Erasmus plus program from the Macedonian education institutions"<br>***12 November 2016 Bulgaria*** |
| **Project:** " Excellence in the management and teaching" **with an online lecture on the topic of** " Republic of Macedonia, natural beauties and historical development"<br>***07.12.2016 Bulgaria*** |
| **Project:** " Technical experts project and me=doctor" **with an online lecture on the topic of** " Historical development of education in the Republic of Macedonia<br>***10 February 2018 Bulgaria*** |
| **Project:** " 5 stars service**" with an online lecture on the topic of** " Republic of Macedonia on the path from crisis to peace management<br>***23 January 2018 Spain*** |
| **Project:** " Erasmus + project management for teacher and school management – Module 2" **with an online lecture on the topic of** " Decentralization in the field of the education as a key link in the functioning of the municipalities in the Republic of Macedonia and the basis of the |

| |
|---|
| Macedonian model for conflict resolution"<br>***15 December 2017 Spain*** |
| **Project:** " School management and teaching" **with an online lecture on the topic of** " The establishment of the National Agency for European educational Programs and Mobility as a necessity for a new quality of the Macedonian education system"<br>***28 November 2017 Bulgaria*** |
| **Project:** The school of the future. Project management Erasmus +" **with an online lecture on the topic of** " Challenges faced by Republic of Macedonia in the implementation of the European educational programs<br>***20 November 2017 Italy*** |
| **Project:** " Erasmus + project management for teacher and school management – Module 1" **with an online lecture on the topic of** " Historical development of the EU Program Erasmus plus"<br>***15 November 2017 Spain*** |

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Монографии** |
|---|
| Република Македонија од криза до мир |
| Охрид – историја, култура и традиција |
| The best of Ohrid |

| **Дел од монографија** |
|---|
| Косовската криза од 1999 година |
| Безбедносниот систем на Република Македонија, изградба и предизвици со кои се соочи |
| Кризата во Република Македонија од 2001 година и процесот на враќање на мирот |

### Научни трудови

| Наслов на труд | Списание |
|---|---|
| Republic of Macedonia – from user do explorer of peace<br>Стр. 689 | KNOWLEDGE International journal ISSN 2545-4439<br>ISSN 1857-923X<br>Vol.22.3<br>Global impact and quality factor 1.322 (2016) |
| Historical and society role of the teacher in development of education | Меѓународно научно списание за образование на педагошки факултет Битола „ Teacher„ |
| Macedonian experience –a model for conflict resolution | SEEU Review – меѓународно научно списание на Универзитетот на Југоисточна Европа |
| Значењето на историската и правната наука во развојот на државата | KNOWLEDGE International journal ISSN 2545-4439<br>ISSN 1857-923X<br>Vol.22.3 |

| | |
|---|---|
| | Global impact and quality factor 1.322 (2016) |
| Историски осврт на безбедносниот систем на Република Македонија како предуслов за развој на државата и правото | KNOWLEDGE International journal ISSN 2545-4439<br>ISSN 1857-923X<br>Vol.28.6<br>Global impact and quality factor 1.322 |
| Политичкиот систем услов за развој на државата и правото | KNOWLEDGE International journal ISSN 2545-4439<br>ISSN 1857-923X<br>Vol.26.6<br>Global impact and quality factor 1.322 |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| | |
|---|---|
| Студиски престој во странство до три месеци | **International Visitor Leadership Program on Countering Violent Extremism** March 27 – April 4, 2017<br>**United States Department of State**<br>**Bureau of Educational and Cultural Affairs** |
| Раководител на внатрешна организациона единица | **Секретар на општина Охрид** од 19.04.2013 до 20.10.2017 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Стручна монографија** |
|---|
| Македонското искуство модел за решавање на конфликти |
| Дизајн или изработка на информациски систем |

Поседува сертификат Булатс за познавање на англиски јазик.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на презентираната документација, Комисијата цени дека **кандидатот Спасески, ги исполнува условите за избор на наставник**, во согласност со Законот за високото образование.

Покрај неговиот ангажман како релативно млад научен работник, кој до сега објавил повеќе научни и стручни трудови, **поседува наставно и солидно стручно и научно искуство.**

Согледувајќи ги сите релевантни факти, **Комисијата смета** дека **кандидатот Д-р Димитар Спасески има научен, стручен и педагошки капацитет за да биде избран за наставник од научна област Историја на Македонија** на Факултетот за политички науки и дипломатија при ФОН Универзитет Скопје.

Според тоа, Комисијата има за чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки и дипломатија, да му предложи, **кандидатот д-р Димитар Спасески** да **го избере** во звање **НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ** од научната област Историја на Македонија.

**РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА**

1. Проф. Д-р Зунун Зунуни,с.р.

___________________________

2. Проф. Д-р Алинда Меметај, с.р.

___________________________

3. Проф. Д-р Зеќирја Идризи, с.р.

___________________________

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА 1 НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК / ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК / НАУЧЕН СОВЕТНИК ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ: ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ И ДИПЛОМАТИЈА ПРИ ПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН

Врз основа на Законот за високо образование и Статутот на Првиот приватен универзитет ФОН, а во врска со објавениот конкурс на ден 19.03.2019 година во дневниот весник „Слободен печат" **за избор на научен соработник/виш научен соработник/научен советник од научната област: Политички систем (50701);**, Наставно-научниот совет на Факултетот за политички научи и дипломатија, на седницата одржана на 18.04.2019 година, определи Рецензиона комисија за избор на 1 наставник во научно наставно звање **на научен соработник/виш научен соработник/научен советник од научната област: Политички систем** во состав:

1. **Проф. д-р.Назми Маљичи, - претседател**

2. **Проф. д-р Арлинда Мememтај - член**

3. **Проф. д-р Флора Кадриу - член**

По разгледувањето на пристигнатите материјали, рецензионата комисија го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

**На објавениот конкурс за избор на научен соработник/виш научен соработник/научен советник од научната област: Политички систем (50701); во предвидениот рок се пријави кандидатот Д-р Марјан Маџовски.**

Кандидатот Д-р Марјан Маџовски е роден на 09.07.1968 година во Скопје, каде завршува основно и средно образование. Дипломира на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, а магистрира на Институтот за социолошки и правно-политички истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, во 2005 година со магистерски труд со наслов: „Државните службеници и остварувањето на граѓанско-сервисниот карактер на јавната управа во Република Македонија", пред Комисијата за одбрана во состав: проф. д-р Мирјана Сланинка Динева ментор, проф. д-р. Илија Тодоровски и проф. д-р Лидија Христова, со просечна оцена 9,7 со што се стекнува со академски степен магистер на политички науки.

Докторира на Институтот за социолошки и правно-политички истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, на тема: "Спроведливост на процесот на лустрација во Република Македонија", во 2014 година, како стипендист на Фондацијата „Конрад Аденауер". Докторската теза која ја пријавува во 2009 година ја одбранува пред Комисијата во состав: проф. д-р Мирјана Најчевска, проф. д-р Емилија Симовска, проф. д-р Петар Атанасов, проф. д-р Славејко Сасајковски и доц. д-р Бојана Наумовска, со што се стекнува со научен степен доктор на политички науки.

**Работно искуство**

Кандидатот Д-р Марјан Маџовски има долгогодишно професионално искуство во областа на политичкиот систем, особено во делот на законодавната дејност и евроинтегративниот процес. Почнувајќи од 1997 година работи во Собранието на Република Македонија, притоа 8 години како Шеф на кабинет на три претседатели на Собранието на Република Македонија: проф. д-р Љупчо Јордановски; проф. Љубиша Георгиевски и Трајко Вељаноски.

Автор е на текстот на Законот за Собранието на Република Македонија (2008-2009) и раководител на работната група која го изготви текстот на новиот Деловник на Собранието на Република Македонија (2008). Има учествувано во изготвување на голем број закони. Непосредно, по претставки на граѓаните, работи на проблематиката на заштита на човековите слободи и права како Секретар на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот во периодот (2000-2005).

Непосредно е вклучен во процесот на ЕУ интеграција на Република Македонија, во делот на Собранието на РМ. Така, од 2007 до 2013 година е одговорно лице за комуникација меѓу Собранието на РМ и Владата на РМ (Секретаријат за европски прашања) за реализација на Приоритет 2 од Партнерството за пристапување кон ЕУ - (Парламентарни одредници, „бенчмаркс" на ЕУ).

Од 2011 до 2012 година е член на Управниот комитет на ИПА проектот на ЕУ - "Техничка помош на Парламентот", техничка поддршка на Собранието на РМ, каде се обработуваат следните теми: "Искуството на новите земји членки во следење на пристапните преговори"; "Задачи поврзани со ЕУ на парламентарните секретаријати пред/по пристапот"; "Европски практики во поглед на активностите на парламентите насочени кон подигање на свеста за прашања поврзани со ЕУ"; "Користење на бази на податоци на ЕУ и консултативни и практични совети"; "Усогласување на законите"; "Институциите на ЕУ и донесување одлуки по Лисабонскиот договор"; "Структура на политиката за проширување на ЕУ, правна/политичка рамка на пристапниот процес во ЕУ, структура/метод на пристапните преговори"; "Истражувачки техники во ЕУ"; "Техники за изработка на нацрт-закони"; "Поглавјата од акито на ЕУ", "Право на ЕУ-1 дел", "Задачи поврзани со ЕУ на парламентарните секретаријати пред/по пристапувањето-2 дел", "Улогата на националните парламенти во ЕУ и во процесот на пристапување"; "Поглавјата на акито на ЕУ-2 дел", "Поглавјата на акито на ЕУ-3 дел".

По препорака на Делегацијата на Европската унија во Скопје учествува во „Програмата за посетители на Европската унија" – EUVP, од 12 до 23 септември 2011 година која се реализира во институциите и ЕК и Европскиот парламент во Брисел и Стразбур (DG External Relations, COREPER, DG Personnel and Administration; MEPs, ECHO, Europe Aid).

Во рамките на активностите на студиската програма ги обработува следните теми: 1. „Генерално проширување и проширување на Балканот"; 2. „Процесот на преговори и принципи"; 3. „Имплементација на Лисабонскиот договор и како да се зајакне капацитетот и активното учество на парламентите: Размена на информации за нацрт-законите; Добри практики; Новини во Деловникот на Собранието на РМ; Областа "слобода, безбедност и правда„."; 4. Релации меѓу парламентите и владите.

Учесник е на бројни меѓународни и домашни парламентарни и други конференции, самити, тркалезни маси, работилници и обуки. Во рамките на професионалните обврски и на голем број мултилатерални настани и билатерални посети, средби и состаноци (над 140).

- ***Кандидатот има положено правосуден испит (Уверение за положен правосуден испит бр.08-4/968 од 04.12.2014 година).***
- ***Положен нотарски испит (2015).***
- ***Активно се служи со англиски јазик (Уверенија од Центарот за странски јазици Скопје бр.153/214; 189/668 и 194/2370), како и со српски и хрватски јазик; се служи и со бугарски јазик.***

- ***Поседува компјутерски вештини (Диплома од Компјутерски центар Александрија за завршен курс за административно работење на повоќе програми 19.12.2000) и возачка дозвола: Б-категорија.***

**Позначајно стручно и експертско учество во тела (Membership of Bodies)**

- **(2018)** Ангажиран е како експерт за компаративно истражување на легислативните и другите претпоставки за изготвување на законска регулатива за субвенционирање на печатените медиуми во Република Македонија, од страна на Асоцијацијата за заштита на национални печатени медиуми – АЗНПМ во партнерство со ОБСЕ и Владата на Република Македонија.
- Покрај долгогодишното законодавно искуство има познавање и искуство во медиумската област, во магазинот „Europe - no border, no limits“, како негов основач и главен и одговорен уредник; прилогот „Vrabotuvanje.berza“, како главен и одговорен уредник.
- Основач на НВО „Центар за пропагандни истражувања“ (2001). Има одлично познавање на работата на парламентарните ТВ канали, како секретар на Советот за поддршка на Собранискиот ТВ канал.
- Има учествувано во посебни и во придружни студиски посети на Парламентарните ТВ канали на Франција, Канада, САД и Европскиот парламент.
- **(2015)** Член на фокус групата за евалуација на Собранието на Република Македонија за јакнењето на неговиот парламентарен капацитет, формирана во рамките на Програмата за Демократско Партнерство на Конгресот на САД (ХДП), Националниот демократски институт (НДИ) и УСАИД.
- **(2012-2013)** Раководител на меѓуресорски експертски тим за подготовка на анализа и Методологија за воведување на процена на влијанието на регулативата (ПВР) и оцената на спроведувањето на регулативата (ОСР) во Собранието на Република Македонија во соработка Секретаријатот за европски прашања во Владата на РМ и Вестминстер Фондацијата за демократија од Велика Британија;
- **(2011-2012)** Учество во Управниот комитет на ИПА проектот на ЕУ - "Техничка помош на Собранието“, техничка поддршка на Собранието на Република Македонија. Проектот реализирал поголем број обуки;
- **(2010-2012)** член на заедничкиот Управен одбор за правата на децата во рамките на Меморандумот за соработка потпишан помеѓу Собранието на Република Македонија и Канцеларијата на УНИЦЕФ во Македонија (20 јануари 2010);
- **(2010-2013)** Учество во организирање на надзорните расправи согласно одредбите од Законот за Собранието на РМ и искуствата од Конгресот на САД, почнувајќи од првата надзорна расправа организирана од страна на Комисијата за надворешна политика на тема „Имплементација на Договорот за соработка меѓу Владата на земјата примач (Република Македонија) и Владата на земјата испраќач (САД) во врска со економска, техничка и друга помош“, на 18 февруари 2010, со поддршка на НДИ, и присуство на конгресменот од САД Ерл Померој, американскиот амбасадор Ф.Рикер и директорот на УСАИД М.Фриц.
- **(2009-2013)** Претставник (член) на претседателот на Собранието на Република Македонија во Управниот одбор на Парламентарниот Институт во Собранието на Република Македонија, за независна анализа и истражување за подготовка на нацрт-легислатива;
- **(2008-2010)** Член на Управниот одбор (заедно со претставници на релевантните владини тела) за реализација на препораките содржани во Извештајот за проценка на ОДИХР/ОБСЕ - Легислативен документ - Подготовка на закони и регулаторен менаџмент во Република Македонија;

**Сертификати од стручно усовршување во странство**

- Сертификат за учество, по препорака на Делегацијата на Европската унија во Скопје, во „Програмата за посетители на Европската унија“, од 12 до 23 септември 2011 година која се реализираше во Брисел и Стразбур (DG External Relations, COREPER, DG Personnel and Administration; MEPs, ECHO, Europe Aid). Во рамките на активностите на студиската програма изготвил стручна презентаци и разменил искуства на повеќе теми, одобрени од Делегацијата на Европската унија во Скопје;
- Сертификат "Зајакнување на парламентарната администрација и истражувачките капацитети", Вашингтон, САД, од 3 до 14 декември 2007 година, во организација на Комисијата за поддршка на демократијата на Конгресот на САД, Националниот демократски институт НДИ, Интернационалниот Републикански институт (ИРИ) и Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД);
- Сертификат за учество на семинар „Јавно управување и структурни реформи: јавно и приватно партнерство“, Виена 24 – 28 април, 2006 г., организирано од Виенскиот институт за меѓународни економски студии (Wiener Institut für Internationale Wirtschaftsvergleiche), Bundesministerium für Finazen, Oesterreichishe Nationalbank and WiiW. Теми: Јавно приватно партнерство; Судска независност; Фискални реформи и транзициони економии; Реформа на пазарот на трудот: зголемување на флексибилноста; Конкурентност за време и по приватизација; Банкарски и финансиски реформи; Инфраструктура за приватизирање; Технологија и наука; Пензиски реформи и здравствено осигурување;
- Сертификат за учество во „Програмска студија за парламентарен функционер“ во двата дома на Канадскиот парламент, од 16 до 28 октомври, 2004 година, Долен Дом и Сенат на Канадскиот парламент, Отава, Канада;
- Сертификат, студиски престој во САД, од 11 април до 8 мај 1996 година во рамките на Програмата за меѓународен посетител на Информациската агенција на Соединетите држави - по покана на Амбасадорот на САД во Македонија, В. Компас, поддржана од УСАИД (USAID), каде учествува на „Дебатата за американската животна средина 1996”;
- Сертификат за учество на летниот универзитет на Технолошкиот унивезитетот во Ајндховен, Холандија за „Меѓукултурни комуникации и менаџмент” 14 –28 август 1994 г. организиран од AEGEE- Ајнтховен, BEST, TEMPUS
- Сертификат за значителен придонес во обучувањето на правните советници вклучени во имплементацијата на проектот „Школување на правните советници" организиран од Коалицијата - Сите за фер судење; Центар за демократски развој, ARKA – Форум за правата на Ромите; Центар за граѓанска иницијатива, 11-12 март 2005 г., Скопје;

**Стручно учество на други настани и семинари**

- Учество на конференцијата на тема: "Институционални механизми за соработка помеѓу Собранието и граѓанскиот сектор во Република Македонија", организирана од страна на Граѓанската асоцијација МОСТ и Амбасадата на Кралството Холандија во РМ, Скопје, 18.06.2010;
- Учество на работилница на тема "Планирање на надзорните активности и јавните расправи во парламентарните комисии“, на 22 јануари 2010 година, во Скопје, во организација на Вестминстер фондацијата за демократија од В. Британија.
- Учество во студиска посета на службеници од Собранието на РМ на Националниот совет на Република Словенија, Република Словенија, во периодот од 10-14 март 2008 година.
- Парламентарна студиска посета на парламентарниот ТВ канал - LCP-AN на Францускиот парламент, 2007. Во рамки на Програми за запознавање на вкупното парламентарно функционирање остварил и посети на парламентарните канали на САД C-SPAN2 и C-SPAN3 (2007); сателитскиот парламентарен канал што ја пренесува работата на Канадскиот парламент CPaC (2004) и Каналот на Европскиот парламент EuroparlTV (2011);

- Учество во работилница во врска со прирачникот на „Одговорно разузнавање: правни стандарди и најдобра практика за надзор на агенциите за разузнавање", Скопје, Македонија, 7-8 март 2006;
- Учество на Конференција: „Промовирање на слободата на религија и вера во Република Македонија", Организирана од Хелсиншкиот комитет за човекови права права, Скопје, 14 септември 2005 г.

**Клучно стручно учество во изготвување законски проекти**

**1.** Изготвувач на текстот на Законот за Собрание на Република Македонија (2008-2009), донесен во 2009 година („Службен весник на РМ" бр.104/2009);

**2.** Учество во изготвување на текстот на предлогот за донесување на закон за определување дополнителен услов за вршење на јавна функција (2006-2007), Собрание на Република Македонија;

**3.** Раководител на работна група за изготвување на предлог текст на нов Деловник на Собранието на Република Македонија, Собранието на Р. Македонија, ЕУ Твининг проект на Република Словенија и Република Македонија, 2005-2006;

**4.** Измени и дополнувања на Законот за воздухопловство со предлог закон (2006), Министерство за транспорт и врски, EU, EUROCONTROL, во делот на организацијата и статусот на вработените и државните службеници;

**5.** Нацрт - верзија на законот за хидрометеролошка дејност (2007), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Управа за хидрометеролошки работи, во делот организација и статус на државните службеници;

**6.** Изготвување на предлог за донесување на Закон за политичките партии, Здружение за развој на цивилно општетсво "Лидер ЛП", февруари 2008 година;

**7.** Учество во процедурално-нормативна оцена на голем број законски предлози во смисла на усогласеност со Деловникот на Собранието на РМ и Уставот на РМ.

**Изготвени стручни анализи и документи**

- „Методологија за воведување на проценка на влијанието на регулативата во Собранието на Република Македонија", научно - истражувачка студија со предлог модел нарачана од Британската Вестминстер фондација за демократијата и Британската амбасада во РМ, (2013 година), презентирана и на работилници во Собранието на РМ, во текот на 2013 година.
- Стручна публикација, студија: „Локален еколошки акционен план за Град Скопје – ЛЕАП", еден од авторите, (изготвена на македонски и англиски), 223 страни во делот посветен на управувањето со животната средина и правната регулатива (2003 година), а во рамките на истоимениот научно-истражувачки проект подржан од Владата на Сојузна Република Германија - Сојузно министерство за економска соработка и развој, имплементиран од Германската техничка помош ГТЗ, Министерството за животна средина и просторно планирање на РМ и Град Скопје. Во рамките на проектот остварил студиска посета на градот Нирнберг во СРГ. Учествувал и во подготовка на студијата за НЕАП 2005.

**Проектно-истражувачка активност**

Раководител на проектна активност, реализирана во 2017 и 2018 година, на тема: „Правично судење и судска заштита на човековите права и слободи" проектно и финансиски подржана од Цивика Мобилитас - проект поддржан од Амбасадата на Швајцарската федерација - Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), NIRAS од Данска, МЦМС и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU), спроведена од Комитетот за заштита на правата. Референтен број на проектно-истражувачка активност: ЦМ-АДХ-01 со Договор бр. 11-334/1 од 2017 година.

**Објавени научни и стручни трудови во последните пет години:**

**1.** Процесот на регулаторни реформи - меѓународни и домашни искуства и предизвици, „Vizione" - Меѓународно списание за општествени науки, бр.30, Скопје јуни 2018, ISSN 1409-8962, UDC 316.33.32;

**2.** „Отвореност на парламентите и парламентарни канали - перспективи на Собранискиот ТВ канал", Годишен зборник на Правен Факултет, бр.10, година 2018 Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, ISSN 1857-8713;

**3.** „Клучни предуслови кои водат кон успешност на реформите", „Vizione" - Меѓународно списание за општествени науки, бр.31, Скопје 2018, ISSN 1409-8962, UDC 316.33.32;

**4.** Регулаторна реформа - домашни и меѓународни искуства и предизвици „Политичка мисла" - списание за политичко општествени теми, година 15, број 55, септември, Скопје 2018, ISSN 1409-9853; УДК: 338.246.025.2(497.7);

**5.** „Regulatory policy with involved stakeholders and perceived fairness", Institute for Social, Legal and Political Research, University of "St. Cyril and Methodious", Skopje, Annual of ISPJR 2018, year XLII, number 2, ISSN 1857-7350;

**6.** „Улогата на Собранието во процената на влијанието и оцената на спроведувањето на регулативата", Годишен зборник на Правен Факултет, бр.10, година 2018 Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, ISSN 1857-8713;

**7.** „Како до ефикасни реформи на здравствените системи", „Vox medici", Стручни и научни трудови, Гласило на лекарската комора на Македонија, година XXVI, број 100, октомври 2018, ISSN 1409-8865 (во коавторство);

**8.** „Ефикасен пристап до правда", International Scientific Journal „Centrum", No.10, Year 2018, ISSN 1857-8640;

**9.** „Access to justice in Macedonia and some international experiences", Intenational e-journal for Philosophy and Political science "NotaBene", No.42, 2018 (European Reference Index for the Humanities and the Social Sciences (ERIH PLUS)), ISSN 1313-7859.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација за избор на **научен соработник / виш научен соработник / научен советник од научната област: Политички систем (50701)**, Рецензионата комисија констатира дека единствениот пријавен кандидат, д-р Марјан Маџовски, ги задоволува педагошките, научните и стручните критериуми и условите за избор во научно-наставно звање насловен доцент.

Има објавено 14 (четиринаесет) трудови, од кои 9 (девет) научно-истражувачки трудови во последните 5 години. Од нив, три (три) се објавени стручни публикации-книги, каде се појавува како коавтор. Има клучно учество во изготвување на повеќе закони, како што е Законот за Собранието, како и новиот Деловник на Собранието на Република Македонија.

Воедно, кандидатот има добиено 7 (седум) сертификати за стручно усовршување, во реномирани, клучни институции, како Конгресот на САД и Двата дома на Канадскиот парламент, Виенскиот економски институт и други; стипендист на Фондацијата „Конрад Аденауер".

Кандидатот Д-р Марјан Маџовски има долгогодишно, стручно искуство во областа на функционирањето на институциите на политичкиот систем, особено во делот на законодавната и надзорна парламентарна дејност и евроинтегративниот процес.

Врз основа на гореневеденото, во однос на распишаниот конкурс, а во согласност со условите за избор предвидени во Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот ФОН и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно научни, наставни стручни и соработнички звања на Универзитетот ФОН, како и областите предвидени во Фраскатиевата класификација на научните подрачја, полиња и области, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за

политички науки и дипломатија во состав на Првиот приватен универзитет ФОН **да го избере кандидатот д-р Марјан Мацовски за научен соработник од научната област: Политички систем.**

**Скопје, 24 април 2019 година**

**Рецензиона комисија**

**Проф. д-р.Назми Маљичи, с.р.- претседател**

------------------------------------------------------

**Проф. д-р Арлинда Мememтај, с.р. - член**

------------------------------------------------------

**Проф. д-р Флора Кадриу, с.р. - член**

------------------------------------------------------